# ЕФЕКТИВНА ИНКЛУЗИЈА НА БЕГАЛЦИТЕ

## ПАРТИЦИПАТИВНИ ПРИСТАПИ ЗА ПРАКТИЧАРИ НА ЛОКАЛНО НИВО



## КОМПОНЕНТИ

- ПЕЧАТЕН ПРИРАЧНИК
- ИНТЕРАКТИВНА ОНЛАЈН ВЕРЗИЈА НА ПРИРАЧНИКОТ
- АНИМИРАНО ВИДЕО СО ОБЈАСНУВАЊЕ
- АЛАТКИ ЗА САМООЦЕНУВАЊЕ

## ПРАКТИЧЕН „ЧЕКОР ПО ЧЕКОР“ ПАКЕТ СО АЛАТКИ

УНХЦР и Групата за миграциска политика развија „чекор-по-чекор“ практичен Пакет со алатки за локалните чинители со цел да го водат развојот, адаптацијата и евалуацијата на практиките за интеграција и инклузија на бегалците.

Пакетот со алатки беше развиен заедно со практичари на интеграција од 7 пилот земји во Европа кои го дизајнираа, тестираа и одобрија.

MIGRATION POLICY GROUP

UNHCR The UN Refugee Agency

UNHCR.ORG/MUNICIPALITIES-TOOLKIT

# ВО ПАКЕТОТ СО АЛАТКИ



## 6 ГЛАВНИ ТЕМИ

Видео со објаснување кое обезбедува брз и пристапен преглед на Пакетот со алатки, неговите содржини и како тој се користи



1. РАЗЈАСНЕТЕ ЈА ПОДДРШКАТА ПОТРЕБНА ЗА БЕГАЛЦИТЕ



2. ОБЕЗБЕДЕТЕ ПОДДРШКА ШТО ОДГОВАРА НА ПОТРЕБИТЕ НА СИТЕ



3. СОЗДАВАЈТЕ УСЛУГИ НА ДОЛГ РОК



4. РАБОТЕТЕ НЕ САМО ЗА ЛУЃЕТО, ТУКУ И СО НИВ



5. ВКЛУЧЕТЕ ГИ ЛОКАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ И ПОДДРЖЕТЕ ГО ВОЛОНТЕРСТВОТО



6. СТРЕМЕТЕ СЕ КОН СЕОПФАТНА ПОДДРШКА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА И ИНКЛУЗИЈА

## АНИМИРАНО ВИДЕО СО ОБЈАСНУВАЊЕ

Видео со објаснување кое обезбедува брз и пристапен преглед на Пакетот со алатки, неговите содржини и како тој се користи




## ДОБРИ ПРАКТИКИ

Секоја област содржи примери на добри практики за интеграција и инклузија



**УПОТРЕБА НА ЦЕЛА ПАЛЕТА МОДЕЛИ ЗА ПОДДРШКА**

„Ајде да читаме заедно“ е национална мрежа во Финска, која од 2004 година промовира писменост и знаење на фински јазик меѓу жените и девојките имигранти во Финска и ги охрабрува да се интегрираат во финското општество. Групите за учење се состануваат еднаш неделно по два часа во исто време. Мрежата организира и семинари и работилници и објавува едукативен материјал.

## АЛАТКИ ЗА САМООЦЕНУВАЊЕ

Практични контролни листи и картичка со резултати за проценка на услугите за интеграција и инклузија на Вашата организација



**КОНТРОЛНА ЛИСТА ЗА РАЗЈАСНУВАЊЕ НА ПОТРЕБНАТА ПОДДРШКА**

Следната контролна листа нуди детален процес „чекор-по-чекор“ за да им помогне на организациите да ги распоредат и идентификуваат сите неопходни задачи што треба да ги извршат за да имаат јасност за поддршката што им е потребна на бегалците.

- За да ги планирате вашите стратегии и услуги за интеграција, **анализирајте ги сите релевантни достапни информации** за конкретната ситуација на бегалците, вклучително и преку дискусии со бегалците (погледнете во клучната област 4 за повеќе детали); и проценете ги трендовите во резултатите од интеграцијата на бегалците;
- **Идентификувајте ги постоечките потреби за интеграција, но и новите потенцијални предизвици** поврзани со имплементацијата на вашите услуги. На пример, пандемијата со КОВИД-19 предизвика нови проблематични ситуации и за обичните даватели на услуги и за бегалците (на пр., проблеми со учење на далечина во текот на обуките за интеграција поради недостаток на ИТ компетенции);